РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2029/2
06-09-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од познат подносител со наводи за постоење на судир на интереси, на 51 - та седница, прво продолжение, одржана на 01.09.2021 година, ДКСК донесе

## **Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-2029/1 од 27.03.2019 година СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-2029/1 од 27.03.2019 година.

Предметот со број 09-2029/1 од 27.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-2029/1 од 27.03.2019 година е оформен врз основа на доставено прашање/пријава од страна на ----------- од ФОКУС во врска со статија на која работел, а во однос на здружението на даватели на комунални претпријатија ----------, во кој членуваат сите јавни комунални претпријатија од земјава. Односно, овластеното лице на ----------, ------------- е сопруга на компанијата за водоводна опрема ---------- - --------, како и сестра на управителот на компанијата, ----------. Според наводите, оваа компанија склучила над 200 договори за јавни набавки, претежно со јавните комунални претпријатија за набавка на водоводна опрема, во вредност од над милијарда денари.

Државната комисија, на седницата одржана на ден 01.09.2021 година констатира дека, согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси., лицето од пријавата не претставува службено лице, по што ДКСК нема надлежност за поведување постапка за утврдување судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК